# Формулар за договор со пациентот: дозите на метадон што се земаат дома

Име на пациентот: ____________ Дата на раѓање: / /

**Метадонот е ефективен лек кога се употребува на безбеден и одговорен начин. Меѓутоа, кога се употребува несоодветно, метадонот може да предизвика сериозно оштетување па дури и смрт. Иследниот суд на Викторија (Victorian Coroner's Court) забележува дека од 2010 до 2013 година во Викторија имало 147 смртни случаи поврзани со дозите на метадон којшто се земал дома (во 89 од овие смртни случаи лицата ја земале сопствената доза, а во 58 од смртните случаи лицето земало доза од лекот наменет за некој друг).**

**Овој договор е за безбедноста на дозите што се земаат дома, за тоа како ВИЕ самите ќе преземете одговорност за дозите што Ви се препишани ВАМ, за да се заштитите себе си и останатите.**

1. Разбирам дека дозата на метадон е препишана само за мене, врз основа на нивото на мојата толеранција на опиоиди. Ако некој друг ја земе мојата доза, може да се предозира или дури и да почине
2. Знам дека дозите што се земаат дома не се автоматско право.
3. Разбирам дека дозите што се земаат дома ќе ми бидат дадени само доколку лекарот што ми го препишува ме проценил дека сум стабилен/на и постои легитимна причина за тоа (на пример доколку не можам да појдам до аптека поради обврските со работа или студии, итно патување или ако аптеката е затворена).
4. Разбирам дека бројот на дозите што се земаат дома, а ми се препишани мене, може да се намали или да биде отстранет од страна на тој што ми ги препишува (во консултација со мене и мојот фармацевт) доколу постојат потврдени причини за загриженост во врска со мојата способност да раководам безбедно и одговорно со дозите што јас ги земам дома.
5. Разбирам дека е важно да не ги делам со никого моите дози на метадон што се зема дома затоа што постои ризик од предозирање.
6. Разбирам дека е важно безбедно да ги складирам дозите што се земаат дома. Безбедното складирање на дозите што се земаат дома опфаќа:
   - да не се оставаат дозите што се земаат дома без придружба во автомобили, јавен превоз, авиони, на јавни места итн.
   - да не се оставаат дозите што се земаат дома таму каде што некој друг би можел да ги види или да ги земе (на пр. не во фрижидер, во торба, на полица или на кујнска работна маса)
   - внимавајте дозите што се земаат дома да бидат под клуч (на пр. во шкаф, фиока, во каса или во сеф)
   - дозите што се земаат дома во секое време треба да се чуваат вон дофат на деца.
7. Јас се согласувам да преземам цела одговорност за сите дози што се земаат дома коишто ќе ми бидат дадени и разбирам дека можеби нема да бидат надоместени дозите што ќе бидат изгубени или украдени или дозите што ќе бидат земени пред време.
8. Ако ми биде препишан Налоксон, разбирам дека ќе биде потребно да научам како да го употребам за да одвратам можно предозирање со опоиди (вклучувајчи го тука и метадонот).
9. Разбирам дека лицето што ми ги препишува дозите може да ги намали или прекине со препишување на дозите што се земаат дома ако не се пирдржувам до било кој дел од овој договор.

Потпис на пациентот: ____________

Дата: / /

Лицето што го препишува лекот: ____________

Дата: / /

If you have any questions or concerns about treatment, if you are experiencing a problem, if you need independent advice or support, or feel you are being unfairly treated by your pharmacotherapy service providers – the Pharmacotherapy Advocacy, Mediation and Support (PAMS) service is available
on 1800 443 844 (open from 10am-6pm, Monday to Friday).

Authorised and published by the Victorian Government, 1 Treasury Place, Melbourne.
© State of Victoria, May 2016. Printed by Sovereign Press, Wendouree. (1507026).

VICTORIA State Government | Health and Human Services